ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.32/20) и чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2020 година бр.09-181/33 од 25.12.2019, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за Детален урбанистички план на дел од Работна Зона северно од патот Битола - с.Новаци, Блок 2 - Општина Битола

Јавната Презентација за Детален урбанистички план на дел од Работна Зона северно од патот Битола - с.Новаци Блок 2 - Општина Битола ќе се одржи на ден 15.10.2020 г. (четврток) во 11.00 часот во салата на Советот на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Границата на Детален урбанистички план на дел од Работна Зона северно од патот Битола - с.Новаци Блок 2 - Општина Битола е дефинирана по границите на планскиот опфат согласно графичкиот прилог и има површина од 4.85ха.

Графичкиот прилог од Детален урбанистички план на дел од Работна Зона северно од патот Битола - с.Новаци Блок 2 - Општина Битола, ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 15.10.2020 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета.

**Јавната анкета за Детален урбанистички план на дел од Работна Зона северно од патот Битола - с.Новаци Блок 2 - Општина Битола, ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 15.10.2020 год. заклучно со 22.10.2020год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со ДУП, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на ДУП да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-781/3
06.10.2020 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**м-р. Наташа Петровска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk